Име на давателот на домашна нега: [Insert Home Service Name]

Број на идентификација на Комисијата (Commission ID): [Insert Commission ID]

[Insert Date]

Почитуван кориснику и/или застапнику на корисникот

Го добивте ова писмо бидејќи Aged Care Quality and Safety Commission (Комисијата) планира да ја посети службата која е одговорна да ви доставува услуги на староснa нега. Целта на посетата е да се процени дали квалитетот на негата и услугите што ги добивате вие и другите корисници ги задоволуваат Стандардите за квалитетот на старосна нега (Aged Care Quality Standards).

Комисијата е независна организација од My Aged Care. Комисијата *не го одредува степенот на вашата нега, финансирањето или државните бенефиции,* и ниедна од овие работи нема да биде засегната од тоа што ќе изберете да го направите во одговор на ова писмо.

Комисијата е заинтересирана да слушне од вас (или од вашиот застапник) што мислите за квалитетот на негата и услугите што ги добивате од вашиот дaвател на старосна нега.

Оваа постапка е целосно доброволна и можете да изберете да направите една од следните работи:

1) Телефонирајте во Комисијата на 1800 951 822 и притиснете ја опцијата 2 за да го изнесете вашето мислење преку телефон; или

2) Контактирајте го вашиот давател на старосна нега и побарајте да разговарате (лично или преку телефон) со проценител на квалитетот

Engage
*Empower*
**Safeguard**

на негата кога тој/таа ќе го посети вашиот давател. Датумот на таа посета е на [Insert Visit Date] ; или на

3) Пополнете го анкетниот лист на Комисијата за искуствата на корисниците преку Интернет на: lonergan.team/homeservice. За да можете да имате пристап до анкетниот лист, ќе ви биде потребен бројот на идентификација на Комисијата (Commission ID) кој се наоѓа во горниот дел на оваа страница. Lonergan, независна компанија за истражување, ја спроведува анкетата за нас.

4) Не правете ништо и изберете да не го дадете вашето мислење за квалитетот на негата што ја добивате во оваа прилика. (Ве молиме, ако сакате, слободно изберете ја оваа опција).

Ако изберете да го изнесете вашето мислење, Комисијата ќе ја почитува приватноста на вашите лични податоци и нема да ги сподели со вашиот давател на старосна нега, освен ако вие јасно се согласите на тоа или ако сме многу загрижени за вашата безбедност, здравје или благосостојба.

За информации во врска со правилата за приватност и за делувањето на Комисијата, ве молиме посетете ја веб-страницата на Комисијата на agedcarequality.gov.au или телефонирајте во Комисијата на 1800 951 822 и притиснете ја опцијата 2.

Ако ви треба помош од преведувач, ве молиме јавете се во Службата за писмено и усмено преведување (Translating and Interpreting Service, TIS) на 131 450 и побарајте да зборувате со Aged Care Quality and Safety Commission.

Со почит

Aged Care Quality and Safety Commission